Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. ____________________

Охрид,________20___ год.

Врз основа на член 37, став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија", бр.82/2018 и 178/21) и член 410 од Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, член 39 од Статутот на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, член 21, член 22 и член 23 од Статутот на Факултетското студентско собрание на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника Деканот на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, проф. д-р Елена Хаџиева, на ден 25.3.2024 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за распишување избори за претседател и членови на факултетско студентско собрание на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника**

Се распишуваат избори за претседател и членови на факултетско студентско собрание на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид.

Изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание ќе се одржат **на ден 25.4.2024 година со спроведување на тајно гласање во училница 4, од 9 до 14 часот.**

**Член 2**

Се именува изборна комисија составена од 5 (пет) членови од кои тројца студенти и двајца наставници/соработници, која ќе ги организира и спроведе изборите за членови на факултетското студентско собрание, во следниот состав:

1. Доц. Д-р Расим Салкоски (претседател)
2. Доц. Д-р Даниела Мечкароска
3. Кристина Коркутоска, студент
4. Александра Цоклеска, студент
5. Стефан Бошески, студент

**Член 3**

Кандидатите за претседател и членови на Факултетско студентско собрание се утврдуваат на собири на студенти на факултетот по години на студии, циклуси и студиски програми, каде се предлагаат или прријавуваат кандидати за претставници (членови) на Факултетското студентско собрание.

Право да бираат и да бидат избрани за претседател и членови на Факултетско студентско собрание имаат сите студенти на факултетот, кои се запишани на студии во студиската 2023/2024 година во тековната година на избори.

За Претседател на Факултетското студентско собрание може да биде избран редовен студент кој ги положил сите испити заклучно со трет семестар.

За претседател и членови на Факултетското студентско собрание се избрани оние кандидати кои освоиле најголем број гласови од утврдениот број на членови на Факултетското студентско собрание, доколку за нив гласале повеќе од 30% од вкупниот број избирачи запишани во избирачкиот список.

Кандидатите за претседател и членови на Факултетското студентско собрание се предлагаат на собири на студенти, а по одржување на собирите на студенти на факултетот по години на студии, циклуси и студиски програми, а кои ќе се одржат најдоцна **до 15.4.2024 година**, до кога кандидатите да достават пријава за кандидат за избор на претседател и членови на Факултетско студентско собрание до Изборната комисија.

**Член 4**

Се задолжува изборната комисија од член 2 на оваа Одлука изборите да ги реализира во согласнот со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" Охрид и Статутот на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника.

Изборната комисијата во рок од 5 (пет) дена од донесување на оваа одлука да го подготви и објави на веб страна на Универзитетот Јавниот повик за кандидати за членови на факултетско студентско собрание на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника и да донесе и објави на веб страна на Универзитетот Упатство за спроведување на изборите.

Изборната комисија ја спроведува изборната постапка, одлучува во спроведувањето на изборната постапка; донесува записник/одлука со кој констатира кој од пријавените кандидати по објавениот оглас ги исполнува условите за претседател и член на факултетско студентско собрание, изготвува избирачки ливчиња и останатиот гласачки материјал; го утврдува Избирачкиот список; определува термини и ги спроведува собирите на студенти; расправа и одлучува по приговори за неправилности на постапката за кандидирање, гласање и сумирање на гласовите; го утврдува начинот на гласање и пребројување на гласовите; објавува на веб страна листи на кандидати, прелиминарни и конечни листи, ги утврдува изборните резултати и составува записници за резултатите од гласањето на изборите; ги утврдува обрасците за записници и други акти кои се изготвуваат за спроведување на изборите; врши други работи со цел спроведување на изборите.

**Член 5**

Текстот на Јавниот повик ќе ги уреди следниве прашања:

- Цел на повикот
- Рок и начин на аплицирање (не пократок од 8 дена)
- Соодветност на апликантите
- Потребна документација за аплицирање.

Повикот ќе биде објавен на веб страната на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид.

Мандатот на членовите кои ќе бидат избрани трае 1 (една) година, со право на повторен избор.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила од денот на нејзиното донесување.

**Декан**

проф. д-р Елена Хаџиева

Доставено до: Архива
Изборна комисија